Нена Неновска Ѓорѓиевска, е родена на 3ти декември 1985 година. По професија е правник, со завршени додипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Прима" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Нејзиното постдипломско образование го продолжила на Институтот на Обединети Нации за криминал и истражување во Торино, Италија, кој заедно со Универзитетот во Торино нуди заедничка студиска програма. Успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов „Компаративна анализа на дефинициите на тероризмот во различни меѓународни конвенции" во јули 2010 година, со што добила научен степен Магистер по право од областа на меѓународен криминал и правда.

Нејзиниот образовен процес продолжува во септември 2013 година кога се запишала на програмата за докторски студии на Катедрата на УНЕСКО за меѓународни студии и истражувања, во научната област меѓународни односи и менаџирање на конфликти, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје. На 13ти јули 2022 година успешно ја одбранила докторската дисертација насловена како „Влијанието на вооружените конфликти врз бегалската криза на Блискиот Исток и одговорот на земјите од Балканот", со што се стекнала со научен степен Доктор по мировни и развојни истражувања.

Нена има работно искуство од 13 години во приватен и во државен сектор. Нејзиното искуство во Секретаријатот за европски прашања и Агенцијата за супервизија на осигурување, придонеле за остварување на голем број контакти со меѓународни институции. По нејзината 10 годишна кариера во државниот сектор, Нена преминала во приватниот сектор и моментално е вработена во Меморијалниот центар Фондација „Никола Кљусев" како правник, истражувач и координатор на проекти. Во текот на нејзината работа контактира со голем број соработници од земјата и странство.

Нена Неновска активно се занимава со научно истражувачка работа, учество на национални и меѓународни научни конференции од областа на меѓународните односи, како и објавување на научни трудови во домашни и меѓународни научни списанија.

Покрај образовниот и работен ангажман, Нена е сопруга и грижлива мајка на 2 малолетни деца.